Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 09 - 67/1
25.01. 2023 год.
ГРАДСКО

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак: 0902
Рок на чување: трајно
25.01.2023 година
Потпис: M. G.

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр.10/2020) административниот службеник Мери Седмакова Димовска како овластен службеник за млади го подготви следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за реализирани активности на општина Градско од делокругот на млади за 2022 година

Во текот на 2022 година согласно своите надлежности и можности општина Градско има превземено конкретни активности и реализирано проекти кои се однесуваат на делокругот на младите и тоа:

Согласно Законот за младинско учество и младински политики во април 2022 година, општина Градско отпочна постапка за формирање на Локален младински совет со распишување на Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор на 18.04.2022 година и донесување на Решение за формирање на Иницијативен одбор на 27.04.2022 година.

Иницијативниот одбор распиша Јавен повик за членство во Локално собрание за млади на 28.04.2022 година, подоцна со Решение е формирано Локалното собрание на млади на општина Градско на 19.05.2022 година.

Локалното собрание на млади распиша Јавен повик за предлагање на кандидати за членови на Локалниот младински совет на општина Градско на 31.05.2022 година. Со тајно гласање беше избран Локалниот младински совет на 14.06.2022 година, истиот брои 5 (пет) члена со мандат од 2 (две) години со право на уште еден избор. Членството беше верификувано и од страна на Советот на општина Градско.

Општина Градско работи и на поттикнување на младите да се занимаваат со спорт инвестирајќи и подобрувајќи ги условите со поставување на тартан подлога во централното подрачје на Градско и во ПОУ„Даме Груев“ с. Ногаевци.

За најмладите обновени се детски реквизити на повеќе локации во општина Градско.

Одржана информативна средба во просториите на Агенцијата за млади и спорт на тема „Младински центар во секоја општина“.

Во месец декември изработена е Програма за активностите на општина Градско во областа на образованието, културата и спортот за 2023 година и истата е усвоена од страна на Советот на општината.

изготвил,
овластен Службеник за млади
Мери Седмакова Димовска

Општина Градско
Градоначалник
Киро Нацков